**П Р А В И Л Н И К за работа на ИНСТИТУТ ЗА ОДРЖЛИВИ СТРАТЕГИИ ИОС – ЦЕНТАР ЗА СУПЕРВЕШТАЧЕЊА ДОО СКОПЈЕ (во натамошниот текст: Институтот)**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува внатрешната организација и начинот на работа на Институт за одржливи стратегии ИОС – Центар за супервештачења ДОО Скопје.

Член 2

Институтот е основан со цел остварување на следните основни цели и задачи:

1. Вршење вештачења и супервештачења во различни стручни области;
2. Спроведување научни и стручни истражувања во областа на економијата, финансиските анализи, техничките науки, архитектура, градежништво, машинство, информатика, сајбер безбедност и други сродни области;
3. Изработка на експертски мислења, анализи, студии, стратегии и планови за јавни и приватни институции;
4. Организирање обуки, семинари, конференции и научни собири, како и издавање публикации, стручни списанија и електронски материјали;
5. Соработка со домашни и меѓународни институции, универзитети и истражувачки центри;
6. Поттикнување на развој на научно-образовната дејност и јавната свест за важноста на стручните анализи и експертскиот пристап во одлучувањето;
7. Имплементација и одржување на меѓународни стандарди ISO (ISO 9001, ISO 14001, ISO/IEC 17020, ISO/IEC 17025, ISO 27001, ISO 45001 и други релевантни).

Член 3

За остварување на целите од член 2, Институтот може:

- да ангажира стручни лица и експерти (внатрешни и надворешни);
- да основа подружници, лаборатории и стручни одделенија;
- да склучува договори за соработка со домашни и странски субјекти;
- да аплицира за домашни и меѓународни проекти, грантови и финансирања;
- да дава стручни мислења и да учествува во законодавни постапки и јавни расправи.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА И СТРУКТУРА

Член 4

Институтот го води **Управувачки одбор** во кој членуваат управителите како **Извршни директори** именувани согласно Договорот за основање и непарен број на членови во **Советодавен одбор (Advisory Board)**.

Извршните директори имаат полно право во одлучувањето и раководењето, додека пак неизвршните членови во Советодавниот одбор имаат советодавна улога, предлагаат стратешки програми и даваат мислење за важни прашања.

Член 5

Во Институтот постои Форум како работно-координативно тело во кое членуваат сите соработници. Со Форумот раководи Претседател предложен од членовите на Форумот, одобрен од Управниот одбор. Мандатот трае 1 година со право на реизбор. Претседателот на Форумот по автоматизам е член на Советодавниот одбор. Претседателот на форумот ги предлага и раководителите на одделенијата и членовите на Советодавниот одбор до Управниот одбор. Форумот на соработници има советодавна улога и дава препораки до Управниот одбор.

Член 6

Во рамките на Форумот постојат повеќе стручни центри/одделенија според гранки. Во секое одделение членуваат редовни, почесни и придружни соработници (физички и правни лица).

Членови/соработници на одделенијата можат да бидат сите полнолетни физички и правни лица кои ги прифаќаат политиките, правилниците и другите акти на Институтот и активно придонесуваат кон остварување на целите.

Член 7

Членството може да биде:

1. Редовно – вработени во Институтот;
2. Почесно – за истакнати стручни лица;
3. Придружно – надворешни соработници.

Член 8

Организационата шема е документ кој го донесува Управниот одбор.

III. НАЧИН НА РАБОТА

Член 9

Институтот работи врз основа на годишна програма и финансиски план што ги усвојуваат Управителите по претходно мислење на Форумот.

Член 10

Постапката за вршење вештачења, супервештачења, изработка на студии и експертски мислења се уредува со посебни внатрешни процедури за секој оддел, усогласени домашни и меѓународни стандарди.

Член 11

Работата на Институтот е јавна. Јавноста се обезбедува преку:

- редовно ажурирана веб-страница;
- медиумски настапи и соопштенија;
- објавување извештаи;
- организирање јавни настани и трибини.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 12

Средствата за работа на Институтот се обезбедуваат од:

1. Приходи од вршење стручни услуги (вештачења, супервештачења, анализи, обуки);
2. Членарини;
3. Донации, спонзорства и подароци;
4. Домашни и меѓународни проекти и грантови;
5. Продажба на стручни публикации, списанија и материјали;
6. Други извори дозволени со закон.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на истиот начин како и неговото донесување.

Член 14

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето и се применува веднаш.